# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба, Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 22 ноември 1991
Скопје
Број 52 Год. XLVII

Аконтацијата за 1991 година изнесува 1.300 динари. Овој број чини 40 динари. Жиро сметка 40100-603-12498


**998.**

Врз основа на член 443 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставот на Република Македонија, што го усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 1991 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4642/1
17 ноември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

Тргнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно од државно-правните традиции на Крушевската република и историските одлуки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во Федеративна Југославија, од слободно изразената волја на граѓаните на Република Македонија на референдумот од 8 септември 1991 година, како и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија, а

со цел:

— Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава;

— да се воспостави и изгради владеењето на правото како темелен систем на власта;

— да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност;

— да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија и

— да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот,

Собранието на Република Македонија, донесува

# УСТАВ

## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.

Суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непренослив.

Член 2

Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Член 3

Територијата на Република Македонија е неделива и неотуѓива.

Постојната граница на Република Македонија е неповредлива.

Границата на Република Македонија може да се менува само во согласност со Уставот.

Член 4

Граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија.

На државјанин на Република Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту да биде протеран или предаден на друга држава.

Државјанството на Република Македонија се уредува со закон.

Член 5

Државни симболи на Република Македонија се: грб, знаме и химна.

Грбот, знамето и химната на Република Македонија се утврдуваат со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 6

Главен град на Република Македонија е Скопје.

Член 7

Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националностите, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон.

Во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадниците на националностите, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите, под услови и на начин утврдени со закон.

Член 8

Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

— основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;

— слободното изразување на националната припадност;

— владеењето на правото;

— поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;

— политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;

— правната заштита на сопственоста;

— слободата на пазарот и претприемништвото;

— хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;

— локалната самоуправа;

— уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и

— почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Македонија слободно е сè што со Уставот и закон не е забрането.

## II. ОСНОВНИ СЛОБОДИ И ПРАВА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

### 1. Граѓански и политички слободи и права

Член 9

Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Член 10

Животот на човекот е неприкосновен.

Во Република Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ.

Член 11

Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени.

Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.

Се забранува присилна работа.

Член 12

Слободата на човекот е неприкосновена.

Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон.

Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка.

Лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишувањето од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода.

Притворот може да трае по одлука на суд најдолго 90 дена од денот на притворувањето.

Притвореното лице може под услови утврдени со закон да биде пуштено да се брани од слобода.

Член 13

Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.

Член 14

Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.

Член 15

Се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања.

Член 16

Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.

Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.

Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.

Цензурата е забранета.

Член 17

Се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење.

Само врз основа на одлука на суд може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата, ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка или тоа го бараат интересите на одбраната на Републиката.

Член 18

Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци.

На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Член 19

Се гарантира слободата на вероисповеста.

Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.

Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот.

Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Член 20

На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.

Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да иступуваат.

Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или по-

викување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Забранети се воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Република Македонија.

Член 21

Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола.

Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.

Член 22

Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право.

Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

Член 23

Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Член 24

Секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор.

Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките, освен ако со нив не сторил кривично дело.

Член 25

На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Член 26

Се гарантира неповредливоста на домот.

Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето.

Член 27

Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.

Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.

Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.

Член 28

Одбраната на Република Македонија е право и должност на секој граѓанин.

Остварувањето на ова право и должност на граѓаните се уредува со закон.

Член 29

Странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори.

Републиката им гарантира право на азил на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување.

Екстрадиција на странец може да биде извршена само врз основа на ратификуван меѓународен договор и врз начелото на реципроцитет. Странец не може да биде екстрадиран заради политичко кривично дело. Дејствијата на тероризам не се сметаат за политички кривични дела.

**2. Економски, социјални и културни права**

Член 30

Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата.

Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Член 31

Странско лице во Република Македонија може да стекнува право на сопственост под услови утврдени со закон.

Член 32

Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.

Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Секој вработен има право на соодветна заработувачка.

Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.

Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Член 33

Секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Член 34

Граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Член 35

Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани.

Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Член 36

Републиката им гарантира посебни социјални права на борците од Антифашистичката војна и од сите национанноослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затворените за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција.

Посебните права се уредуваат со закон.

Член 37

Заради остварување на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати. Синдикатите можат да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации.

Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на синдикално организирање во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Член 38

Се гарантира правото на штрајк.

Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Член 39

На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.

Член 40

Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.

Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон.

Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители.

Републиката им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа.

Член 41

Право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца.

Републиката, заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика.

Член 42

Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.

Лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено.

Малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа.

Малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Член 43

Секој човек има право на здрава животна средина.

Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата.

Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Член 44

Секој има право на образование.

Образованието е достапно на секого под еднакви услови.

Основното образование е задолжително и бесплатно.

Член 45

Граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование.

Член 46

На универзитетот му се гарантира автономија.

Условите за основање, вршење и престанок на дејноста на универзитетот, се уредуваат со закон.

Член 47

Се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво.

Се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво.

Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата.

Републиката го поттикнува и помага научниот и технолошкиот развој.

Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот.

Член 48

Припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености.

Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите.

Припадниците на националностите имаат право да основаат културни и уметнички институции, научни и други здруженија заради изразување, негување и развивање на својот идентитет.

Припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон. Во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националноста се изучува и македонскиот јазик.

Член 49

Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив.

Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство.

### 3. Гаранции на основните слободи и права

Член 50

Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Член 51

Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Член 52

Законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Член 53

Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Член 54

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот.

Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

4. **Основи на економските односи**

Член 55

Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Член 56

Сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита.

Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и на националностите, како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на нивниот правен режим.

Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Член 57

Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Член 58

Сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето.

Учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Член 59

На странските вложувачи им се гарантира правото на слободно изнесување на вложениот капитал и добивката.

Правата стекнати врз основа на вложениот капитал не можат да се намалуваат со закон или друг пропис.

Член 60

Народната банка на Република Македонија е емисиона банка.

Народната банка е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство.

Организацијата и работата на Народната банка се уредуваат со закон.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

1. **Собрание на Република Македонија**

Член 61

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловникот.

Член 62

Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници.

Пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување.

Пратеникот не може да биде отповикан.

Начинот и условите за избор на пратениците се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 63

Пратениците во Собранието се избираат за време од четири години. Мандатот на пратениците го верифицира Собранието. Мандатот почнува да тече од конститутивната седница на Собранието. Новоизбраното Собрание се состанува на конститутивна седница најдоцна 20 дена по одржаните избори. Конститутивната седница ја свикува претседателот на Собранието од претходниот состав.

Доколку не се закаже конститутивна седница во предвидениот рок, пратениците сами се состануваат и го конституираат Собранието на дваесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите.

Избори за пратеници во Собранието се одржуваат во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав или во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.

Мандатот на пратениците во Собранието може да се продолжи само во случај на воена или вонредна состојба.

Со закон се утврдува неспојливоста и неизберливоста на функцијата пратеник во Собранието со вршење на други јавни функции или професии.

Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

Член 64

Пратениците уживаат имунитет.

Пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието.

Пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Собранието може да одлучи да се примени имунитет над пратеник и кога тој самиот не се повикал на него, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник.

За време на мандатот пратениците не подлежат на обврска во вооружените сили.

Пратеникот има право на надомест утврден со закон.

Член 65

Пратеникот може да поднесе оставка.

Пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието.

На пратеникот му престанува мандатот кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

На пратеникот може да му биде одземен мандатот кога е осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци. Одземањето на мандатот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 66

Собранието е во постојано заседание.

Собранието работи на седници.

Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието.

Собранието донесува деловник со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 67

Собранието од редот на пратениците избира претседател и еден или повеќе потпретседатели, со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

Претседателот на Собранието распишува избори за пратеници и избор на претседател на Републиката.

Член 68

Собранието на Република Македонија:

— го донесува и изменува Уставот;

— донесува закони и дава автентично толкување на законите;

— ги утврдува јавните давачки;

— донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот;

— донесува просторен план на Републиката;

— ратификува меѓународни договори;

— одлучува за војна и мир;

— донесува одлука за менување на границата на Републиката;

— донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;

— распишува референдум;

— одлучува за резервите на Републиката;

— основа совети;

— избира Влада на Република Македонија;

— избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;

— врши избор и разрешување на судии;

— врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон;

— врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;

— дава амнестија и

— врши други работи утврдени со Уставот.

Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци.

Член 69

Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

Член 70

Седниците на Собранието се јавни.

Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 71

Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи.

Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Член 72

Интерпелација може да се постави за работата на секој носител на јавна функција, Владата и секој нејзин член поединечно, како и за прашања од работата на државните органи.

Интерпелација можат да поднесат најмалку пет пратеници.

Пратеничко прашање може да постави секој пратеник.

Начинот и постапката на поднесувањето и расправата по интерпелација и пратеничко прашање се уредуваат со Деловникот.

Член 73

Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Одлуката на референдумот е усвоена, ако за неа гласало мнозинството од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

Член 74

Собранието донесува одлука за менување на границата на Републиката со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Одлуката за менување на границата на Републиката е усвоена на референдум, доколку за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

Член 75

Законите се прогласуваат со указ.

Указот за прогласување на законите го потпишуваат претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, претседателот на Републиката е должен да го потпише указот.

Претседателот е должен да го потпише указот, доколку според Уставот, законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 76

Собранието основа постојани и повремени работни тела.

Собранието може да основа анкетни комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес.

Предлог за основање анкетна комисија можат да поднесат најмалку 20 пратеници.

Собранието основа постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

Наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

Член 77

Собранието избира народен правобранител.

Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден избор.

Условите на избор и разрешување, надлежноста и начинот на работата на народниот правобранител се уредуваат со закон.

Член 78

Собранието основа Совет за меѓунационални односи.

Советот го сочинуваат: претседателот на Собранието и по двајца членови Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и двајца членови од другите националности во Македонија.

Претседателот на Собранието е претседател на Советот.

Собранието ги избира членовите на Советот.

Советот ги разгледува прашањата од меѓунационалните односи во Републиката и дава мислење и предлози за нивно решавање.

Собранието е должно да ги разгледа мислењата и предлозите на Советот и да донесе одлука во врска со нив.

## 2. Претседател на Република Македонија

Член 79

Претседателот на Република Македонија ја претставува Републиката.

Претседателот на Републиката е врховен командант на вооружените сили на Македонија.

Претседателот на Републиката своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Член 80

Претседателот на Републиката се избира на општи и непосредни избори, со тајно гласање, за време од пет години.

За претседател на Републиката исто лице може да биде избрано најмногу два пати.

Претседателот на Републиката мора да биде државјанин на Република Македонија.

За претседател на Републиката може да биде избрано лице кое на денот на изборите наполнило најмалку 40 години живот.

За претседател на Републиката не може да биде избрано лице кое до денот на изборите не било жител на Република Македонија најмалку десет години во последните 15 години.

Член 81

Кандидат за претседател на Републиката можат да предложат најмалку 10.000 избирачи или најмалку 30 пратеници.

За претседател на Републиката е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број избирачи.

Ако во првиот круг ниту еден кандидат за претседател не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.

Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од завршувањето на првиот круг на гласањето.

За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината избирачи.

Доколку и во вториот круг на гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

Ако за претседател на Републиката е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласање не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

Изборот за претседател на Републиката се врши во последните 60 дена од мандатот на претходниот претседател. Во случај на престанок на мандатот на претседателот на Републиката од кои и да е причини, изборот за нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот.

**Пред преземањето на должноста, претседателот на Републиката дава свечена изјава пред Собранието со која се обврзува на почитување на Уставот и законите.**

Член 82

**Во случај на смрт, оставка, трајна спреченост да ја врши функцијата или престанок на мандатот по сила на Уставот, до изборот на нов претседател на Републиката, функцијата претседател на Републиката ја врши претседателот на Собранието.**

**Настапувањето на условите за престанок на функцијата претседател на Републиката го утврдува Уставниот суд на Република Македонија по службена должност.**

**Во случај на спреченост да ја врши функцијата, претседателот на Републиката го заменува претседателот на Собранието.**

**Кога претседателот на Собранието ја врши функцијата претседател на Републиката, тој учествува во работата на Собранието без право на одлучување.**

Член 83

**Должноста претседател на Републиката е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.**

**Претседателот на Републиката ужива имунитет.**

**За одземање на имунитетот на претседателот на Републиката одлучува Уставниот суд на Република Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број судии.**

Член 84

Претседателот на Република Македонија:

— го определува мандаторот за состав на Владата на Република Македонија;

— ги поставува и ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство;

— ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници;

— предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија;

— предлага двајца членови на Републичкиот судски совет;

— именува тројца членови на Советот за безбедност на Република Македонија;

— ги предлага членовите на Советот за меѓунационални односи;

— именува и разрешува и други носители на државни и јавни функции утврдени со Уставот и со закон;

— доделува одликувања и признанија во согласност со закон;

— дава помилувања во согласност со закон и

— врши други функции утврдени со Уставот.

Член 85

Претседателот на Републиката го известува Собранието за прашања од неговата надлежност најмалку еднаш годишно.

Собранието може да побара од претседателот на Републиката мислење за прашања од неговата надлежност.

Член 86

Претседателот на Републиката е претседател на Советот за безбедност на Република Македонија.

Советот за безбедност на Републиката го сочинуваат: претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата, министрите кои раководат со органите на државната управа во областите на безбедноста, одбраната и надворешните работи и тројца членови кои ги именува претседателот на Републиката.

Советот ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и одбраната на Републиката и дава предлози на Собранието и Владата.

Член 87

Претседателот на Републиката е одговорен за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности.

Постапка за утврдување на одговорност на претседателот на Републиката покренува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. За одговорноста на претседателот одлучува Уставниот суд со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број судии.

Ако Уставниот суд утврди одговорност на претседателот на Републиката, функцијата му престанува по сила на Уставот.

**3. Влада на Република Македонија**

Член 88

Владата на Република Македонија е носител на извршната власт.

Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Член 89

Владата ја сочинуваат претседател и министри.

Претседателот и министрите не можат да бидат пратеници во Собранието.

Претседателот и министрите уживаат имунитет. За нивниот имунитет одлучува Владата.

Претседателот и министрите не подлежат на обврска во вооружените сили.

Функцијата претседател на Владата и министер е неспојлива со вршење на други јавни функции или професии.

Организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон.

Член 90

Претседателот на Република Македонија е должен во рок од десет дена од конституирањето на Собранието мандатот за состав на Владата да го довери на кандидат на партијата, односно партиите што имаат мнозинство во Собранието.

Мандаторот во рок од 20 дена од денот на довериувањето на мандатот, на Собранието му поднесува програма и го предлага составот на Владата.

Владата, на предлог на мандаторот и врз основа на програмата, ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 91

Владата на Република Македонија:

— ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување;

— предлага закони, републички буџет и други прописи што ги донесува Собранието;

— предлага просторен план на Републиката;

— предлага одлуки за резервите на Републиката и се грижи за нивно извршување;

— донесува уредби и други прописи за извршување на законите;

— утврдува начела за внатрешна организација и за работа на министерствата и другите органи на управата, ја насочува и врши надзор над нивната работа;

— дава мислења за предлозите на закони и други прописи кои на Собранието му ги поднесуваат други овластени предлагачи;

— одлучува за признавање на држави и влади;

— воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави;

— донесува одлуки за отворање на дипломатско-конзуларни претставништва во странство;

— предлага именување амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство и именува шефови на конзуларни претставништва;

— предлага јавен обвинител;

— врши именувања и разрешувања на носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон и

— врши други работи утврдени со Уставот и со закон.

Член 92

Владата и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред Собранието.

Собранието може да изгласа недоверба на Владата.

Прашање за доверба на Владата можат да постават најмалку 20 пратеници.

Гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба.

Повторно прашање за доверба на Владата не може да се постави пред истекот на 90 дена од последното гласање за доверба, освен ако прашањето за доверба го поставaт мнозинството од вкупниот број пратеници.

Одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Ако на Владата ѝ е изгласана недоверба, Владата е должна да поднесе оставка.

Член 93

Владата има право да постави прашање за доверба пред Собранието.

Владата има право да поднесе оставка.

Оставката на претседателот на Владата, неговата смрт или трајната спреченост да ја врши функцијата, повлекуваат оставка на Владата.

На Владата ѝ престанува мандатот кога Собранието се распушта.

Владата на која ѝ е изгласана недоверба, која поднела оставка или на која мандатот ѝ престанал поради распуштање на Собранието, останува на должност до изборот на нова Влада.

Член 94

Член на Владата има право да поднесе оставка.

Претседателот на Владата може да предложи разрешување на член на Владата.

За предлогот за разрешување на член на Владата одлучува Собранието на првата наредна седница.

Доколку претседателот на Владата предложи разрешување на повеќе од една третина од членовите на Владата од првобитниот состав, Собранието одлучува како за избор на нова Влада.

Член 95

Државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон.

Се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа.

Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 96

Органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Член 97

Со органите на државната управа во областа на одбраната и полицијата раководат цивилни лица кои непосредно пред изборот на тие функции биле цивили најмалку три години.

### 4. Судство

Член 98

Судската власт ја вршат судовите.

Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Организацијата на судството е единствена.

Забранети се вонредни судови.

Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 99

Судијата се избира без ограничување на траењето на мандатот.

Судијата не може да биде преместен против својата волја.

Судијата се разрешува:

— ако тоа сам го побара;

— ако трајно ја загуби способноста за вршење на судиската функција, што го утврдува Републичкиот судски совет;

— ако ги исполни условите за старосна пензија,

— ако е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;

— заради потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судиската функција, што ја утврдува Републичкиот судски совет и

— заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција што во постапка утврдена со закон, го утврдува Републичкиот судски совет.

Член 100

Судиите уживаат имунитет.

За имунитетот на судиите одлучува Собранието.

Судиската функција е неспојлива со вршење на друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

Се забранува политичко организирање и дејствување во судството.

Член 101

Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите.

Член 102

Расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни.

Јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон.

Член 103

Судот суди во совет.

Со закон се утврдува кога суди судија поединец.

Во судењето учествуваат и судии поротници кога тоа е утврдено со закон.

Судиите поротници не можат да бидат повикани на одговорност за мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки.

Член 104

Републичкиот судски совет го сочинуваат седум членови.

Собранието ги избира членовите на Советот.

Членовите на Советот се избираат од редот на истакнати правници за време од шест години, со право на уште еден избор.

Членовите на Републичкиот судски совет уживаат имунитет. За нивниот имунитет одлучува Собранието.

Функцијата член на Републичкиот судски совет е неспојлива со вршење на други јавни функции и професии или со членување во политички партии.

Член 105

Републичкиот судски совет:

— на Собранието му предлага избор и разрешување на судии и утврдува предлог за разрешување од судиска функција во случаите утврдени со Уставот;

— одлучува за дисциплинска одговорност на судиите;

— ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција и

— предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија.

### 5. Јавно обвинителство

Член 106

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.

Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието за време од шест години.

Член 107

Јавниот обвинител ужива имунитет.

За неговиот имунитет одлучува Собранието.

Функцијата јавен обвинител е неспојлива со вршење на друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

## IV. УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 108

Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.

Член 109

Уставниот суд го сочинуваат девет судии.

Собранието ги избира судиите на Уставниот суд со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Мандатот на судиите трае девет години без право на повторен избор.

Уставниот суд избира претседател од своите редови за време од три години и без право на повторен избор.

Судиите на Уставниот суд се избираат од редот на истакнати правници.

Член 110

Уставниот суд на Република Македонија:

— одлучува за согласноста на законите со Уставот;

— одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;

— ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување, и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;

— решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;

— решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;

— одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката;

— одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и

— одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Член 111

Функцијата судија на Уставниот суд е неспојлива со вршење друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

Судиите на Уставниот суд уживаат имунитет. За нивниот имунитет одлучува Уставниот суд.

Судиите на Уставниот суд не подлежат на обврска во вооружените сили.

На судија на Уставниот суд функцијата му престанува ако поднесе оставка. Судијата на Уставниот суд ќе биде разрешен од должноста ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или кога трајно ќе ја загуби способноста да ја врши својата функција, што го утврдува Уставниот суд.

Член 112

Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон.

Одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни.

Член 113

Начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредуваат со акт на Судот.

## V. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Член 114

На граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Единици на локалната самоуправа се општините.

Во општините можат да се основаат облици на месна самоуправа.

Општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 115

Во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон.

Општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Републиката со закон може да ѝ довери вршење на определени работи на општината.

Член 116

Територијалната поделба на Републиката и подрачјата на општините се утврдуваат со закон.

Член 117

Градот Скопје е посебна единица на локална самоуправа, чија организација се уредува со закон.

Во градот Скопје граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од значење за градот Скопје, а особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното воспитување, основното образование, основната здравствена заштита и во други области утврдени со закон.

Градот Скопје се финансира од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Градот Скопје е самостоен во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на неговата работа ја врши Републиката.

Републиката со закон може да му довери вршење на определени работи на градот Скопје.

## VI. МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Член 118

Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Член 119

Меѓународните договори во името на Република Македонија ги склучува претседателот на Република Македонија.

Меѓународни договори може да склучува и Владата на Република Македонија кога тоа е определено со закон.

Член 120

Предлог за стапување во сојуз или заедница со други држави или истапување од сојуз или заедница со други држави можат да поднесат претседателот на Републиката, Владата или најмалку 40 пратеници.

Одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави ја донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави е усвоена, ако на референдум за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

Член 121

Одлука за стапување во членство или за истапување од членство во меѓународни организации донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници по предлог од претседателот на Републиката, Владата или најмалку 40 пратеници.

## VII ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 122

Вооружените сили на Република Македонија го штитат територијалниот интегритет и независноста на Републиката.

Одбраната на Републиката се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Член 123

Никој нема право да признае окупација на Република Македонија или на нејзин дел.

Член 124

Воена состојба настапува кога претстои непосредна воена опасност од напад врз Републиката или кога Републиката е нападната или ѝ е објавена војна.

Воена состојба прогласува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници по предлог од претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници.

Ако Собранието не може да се состане, одлука за прогласување на воена состојба донесува претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието на потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане.

Член 125

Вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии.

Постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Македонија или нејзин дел го утврдува Собранието по предлог на претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници.

Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредна состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и има важност најмногу 30 дена.

Ако Собранието не може да се состане, одлука за постоење на вонредна состојба донесува претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието на потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане.

Член 126

При постоење на воена или вонредна состојба Владата во согласност со Уставот и со закон донесува уредби со законска сила.

Овластувањето на Владата да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на воената или вонредната состојба, за што одлучува Собранието.

Член 127

За време на воена состојба, ако Собранието не може да се состане, претседателот на Републиката може да ја именува и разрешува Владата и да именува и разрешува функционери чиј избор е во надлежност на Собранието.

Член 128

Мандатот на претседателот на Републиката, Владата, судиите на Уставниот суд и на членовите на Републичкиот судски совет се продолжува за време на траењето на воената или вонредната состојба.

## VIII. ИЗМЕНА НА УСТАВОТ

Член 129

Уставот на Република Македонија се изменува и дополнува со уставни амандмани.

Член 130

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија може да поднесат претседателот на Републиката, Владата, најмалку 30 пратеници или 150.000 граѓани.

Член 131

Одлука за пристапување кон измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Нацртот за измената на Уставот го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавна дискусија.

Одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници

Измената на Уставот ја прогласува Собранието.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 132

Во времето предвидено во ставот 5 на член 80 од овој устав се смета и времето на жителство во други републики во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 133

За спроведување на Уставот ќе се донесе уставен закон.

Уставниот закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Уставниот закон го прогласува Собранието и влегува во сила истовремено со прогласувањето на Уставот.

Член 134

Овој устав влегува во сила со денот на прогласувањето од Собранието на Република Македонија.

---

**999.**

Врз основа на член 133 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 1991 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија,

што го усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 1991 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4643/1
17 ноември 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

# УСТАВЕН ЗАКОН

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Уставот на Република Македонија се применува од денот на прогласувањето од Собранието на Република Македонија, ако за примената на одделни негови одредби со овој уставен закон не е поинаку определено.

Член 2

Државната граница на Република Македонија е нејзината постојна граница со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција и Република Србија.

Член 3

Република Македонија како суверена и самостојна држава својата меѓународна положба и односите со другите држави и меѓународни органи, организации и заедници ги остварува според општоприфатените начела на меѓународното право.

Република Македонија како рамноправен правен наследник на СФРЈ со другите републики го презема членството на СФРЈ во меѓународните органи, организации и заедници.

Член 4

Република Македонија, како рамноправен правен наследник на СФРЈ со другите републики, врз основа на договор со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, презема права и обврски настанати од создавањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Доколку не се склучи договор со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, правното наследство на СФРЈ и меѓусебните односи на Република Македонија со другите суверени држави од СФРЈ се утврдуваат согласно со општите правила на меѓународното право, како и согласно со Виенската конвенција за сукцесија на државите во областа на договорите од 1978 година и Виенската конвенција за сукцесија на државите во областа на државниот имот, архивата и долговите од 1982 година.

Член 5

Постојните сојузни прописи се преземаат како републички со надлежностите на органите утврдени со Уставот на Република Македонија.

До постигнување на договор меѓу суверените држави од СФРЈ, Република Македонија може да го довери извршувањето на одделни прописи на сојузните органи.

Ако органите од став 2 на овој член прописите не ги извршуваат во согласност со суверенитетот и интересите на Република Македонија, нив ги извршуваат органите на Републиката.

Сојузните прописи со кои се уредува организацијата и надлежноста на органите на Федерацијата не се применуваат во Република Македонија.

Член 6

Законите што не се во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија ќе се усогласат во рок од една година од денот на прогласувањето на Уставот.

Член 7

Најдоцна во рок од шест месеци од денот на прогласувањето на Уставот ќе се донесат:

— Закон за републичкиот судски совет;
— Закон за судовите;
— Закон за Јавното обвинителство;
— Закон за народниот правобранител;
— Закон за начинот на трансформацијата на општествената сопственост;
— Закон за државјанството на Република Македонија;
— Закон за личната карта;
— Закон за преминот на државната граница и движењето во граничниот појас;
— Закон за движењето и престојот на странци;
— Закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија;
— Закон за одбраната на Република Македонија;
— Закон за локалната самоуправа, и
— Закон за територијалната поделба на Република Македонија.

Член 8

Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на прогласувањето на Уставот.

До донесувањето на Законот од став 1 на овој член, се применуваат постојните симболи и химната утврдени во досегашниот Устав на Република Македонија.

Член 9

Државјаните на другите републики во СФРЈ кои на денот на влегувањето во сила на овој уставен закон имале пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија, а немаат државјанство на Република Македонија, ќе можат да стекнат државјанство на Република Македонија во согласност со Законот за државјанството на Република Македонија.

Член 10

Собранието на Република Македонија во постојниот пратенички состав, претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија продолжуваат да ги вршат функциите со права и должности утврдени со Уставот до одржувањето на новите избори.

Одредбата на член 82 од Уставот ќе се применува по одржувањето на новите избори, а најдоцна до истекот на мандатот за кој е избран потпретседателот на претседателот на Република Македонија.

Потпретседателот на претседателот на Република Македонија продолжува да ги врши функциите со права и должности утврдени со Амандманот LXXV на Уставот на Република Македонија, до одржувањето на нови избори, а најдоцна до истекот на мандатот за кој е избран.

Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Законот за избор на претседател на Република Македонија и Законот за политичките партии ќе се донесат најдоцна три месеци пред одржувањето на новите избори.

Член 11

До постигнување договор меѓу суверените држави од СФРЈ делегатите на Република Македонија во Собранието на СФРЈ ќе ги вршат своите функции во согласност со насоките на Собранието на Република Македонија.

Член 12

До постигнување договор меѓу суверените држави од СФРЈ членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија ќе ги врши своите функции во согласност со насоките на Собранието на Република Македонија.

Член 13

Вооружените сили на Република Македонија, до донесувањето на Законот за одбраната на Република Македонија, ги сочинуваат единиците, командите и штабовите на територијалната одбрана на Република Македонија.

Служењето на воениот рок на регрутите и служењето на воената обврска во резервниот состав ќе се врши во вооружените сили на Македонија од став 1 на овој член.

Член 14

Дипломатските и конзуларните претставништва и културно-информативните центри на СФРЈ ќе ги застапуваат интересите на Република Македонија како суверена и самостојна држава до постигнување на договор меѓу суверените држави од СФРЈ, до основање на сопствени дипломатски, конзуларни претставништва и културно-информативни центри.

Член 15

Изборот на сите судии во судовите и именувањето на јавниот обвинител според одредбите на овој устав ќе се изврши најдоцна во рок од шест месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет.

Републичкиот судски совет ќе се конституира најдоцна во рок од два месеци по донесувањето на Законот за Републичкиот судски совет.

До конституирањето на Републичкиот судски совет нема да се врши избор на судии на судовите и именување на јавни обвинители во јавните обвинителства на кои им истекол мандатот. Истите продолжуваат да ја вршат функцијата до изборот, согласно со Уставот на Република Македонија.

Член 16

Судиите на Уставниот суд на Република Македонија ќе се изберат најдоцна во рок од три месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет.

Со денот на изборот на судиите на Уставниот суд на Република Македонија од став 1 на овој член, на постојните судии им престанува функцијата судии на Уставниот суд.

Член 17

Овој уставен закон го прогласува Собранието и влегува во сила истовремено со прогласувањето на Уставот.

**1000.**

Врз основа на член 1 од Законот за мерките кои може да се преземаат заради спречување и отстранување на нарушувањата во стопанството во Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 46/90), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21. XI 1991 година, донесе

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДРУГИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО ВРШАТ СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ

1. Со оваа уредба се пропишуваат дополнителни услови за упис во судскиот регистар на претпријатијата и другите правни лица кои вршат стопанска дејност (субјекти на уписот) настанати со поделба, спојување со други претпријатија или со припојување кон друго претпријатие (статусни промени).

2. Кон пријавата за упис во судскиот регистар, субјектите на уписот кои вршат статусни промени се должни да достават и договор односно спогодба (делбен биланс) со кој ќе се уредат меѓусебните односи што настанале со статусните промени (имотните права, побарувањата и обврските и сл.).

3. Регистрираните претпријатија по извршените статусни промени пред влегувањето во сила на оваа уредба се должни на судот во кој е извршена регистрација да му достават договор, спогодба односно делбен биланс со кој се уредени меѓусебните односи што настанале со статусните промени, а најдоцна до 31 XII 1991 година.

4. Судовите во кои е извршена регистрација се должни да ја известат Службата на општественото книговодство во Македонија за претпријатијата кои не доставиле договор, спогодба односно делбен биланс најдоцна до 31. XII 1991 година.

5. Службата на општественото книговодство во Македонија по известувањето на судот во кој е извршена регистрацијата ќе ги блокира жиро-сметките на претпријатијата што нема да ги достават договорите, спогодбите односно делбените биланси.

6. Започнатите постапки за упис во судскиот регистар на субјектите на уписот ќе се спроведат и според одредбите на оваа уредба.

7. Ако деловните единици на претпријатијата и другите правни лица чие седиште е надвор од Република Македонија, а кои работат на територијата на Република Македонија, не можат да обезбедат услови за редовно спроведување на постапката за статусни промени и делбените биланси, можат да се запишат во судскиот регистар.

8. Оваа уредба влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2347/1
21 ноември 1991 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

**1001.**

Врз основа на член 53-а од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 10/76, 30/77, 9/78, 46/82, 11/87, 24/88, 10/90 и 11/91), министерот за правосудство и управа донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ВО КРИВИЧНАТА И ПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА И ПОСТАПКАТА ЗА СТОПАНСКИТЕ ПРЕСТАПИ

Член 1

Во Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопанските престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 11/88, 27/89, 47/89 и 16/90) во членот 24 во точката 1 бројот „1,30“ се заменува со бројот „6,60“, а бројот „40,00“ се заменува со бројот „200,00“, во точката 2 бројот „1,70“ се заменува со бројот „5,70“, а бројот „50,00“ се заменува со бројот „220,00“, во точката 3 бројот „2,00“ се заменува со бројот „8,30“, а бројот „60,00“ се заменува со бројот „250,00“ и во точката 4 бројот „1,00“ се заменува со бројот „5,70“, а бројот „30,00“ се заменува со бројот „170,00“ динари.

Член 2

Во член 25 став 3, бројот „15,00“ се заменува со бројот „60,00“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-2460
25 октомври 1991 година
Скопје

Министер
за правосудство и управа,
м-р **Ѓорѓи Наумов**, с. р.

**1002.**

Врз основа на член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 2/86, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 10/90, 12/90, 29/90 и 11/91), Републичкиот педагошки совет, на 21-та седница одржана на 29. X 1991 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ПРАВО ЗА IV ГОДИНА ЕКОНОМСКА СТРУКА

1. Се одобрува употреба на учебникот Право за IV година економска струка, автор Данче Манолева, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1991 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-165/1
30 октомври 1991 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
д-р **Симеон Гелевски**, с. р.

**1003.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на Република Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа, на седницата одржана на 10 октомври 1991 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 1 од Одлуката за обезбедување средства на политичките организации и другите форми на организирање и здружување за спроведување на изборите за претставници во собранијата, донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија на 24 октомври 1990 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Македонија, со Решение У. бр. 25/91 од 10 јули 1991 година, поведе постапка за оценување законитоста на одредбата од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со член 69 став 3 и 4 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници.

4. На јавната расправа, како и во мислењето што Владата на Република Македонија го достави на Уставниот суд на Македонија по решението за поведување на постапка, беше наведено дека не е потполно нормативно-правно изграден системот на финансирањето на политичките организации и дека Одлуката била донесена врз основа на екстензивно толкување на означените законски одредби. Понатаму, беше укажано дека со законот за политичките организации, кој треба да се донесе до крајот на годината, системски ќе се уреди финансирањето на политичките организации. Исто така, беше укажано дека, согласно став 7 на точката 1 од Амандманот XLVI на Уставот, Собранието на Република Македонија ја потврдило Одлуката на Владата на Република Македонија.

5. На јавната расправа и на седницата Судот утврди дека според член 1 од Одлуката на политичките организации и на другите форми на организирање и здружување кои имаат истакнато изборни листи на кандидати за претставници во собранијата им се обезбедува еднаков износ на средства од Буџетот на Републиката за оваа намена заради спроведување на изборите, при што 80% од средствата се обезбедуват како аванс.

6. Согласно член 301 став 1 и 2 и член 318 став 1 од Уставот, исклучиво и непосредно Собранието на Република Македонија со закон ги уредува односите и прашањата што се од заеднички интерес за граѓаните, организациите и заедниците.

Согласно ставот 3 на точката 1 од Амандманот LXXVI на Уставот Извршниот совет односно Владата ги врши работите од својата надлежност врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Според точката 1 од Амандманот XXII на Уставот и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90) во извршувањето на законите и другите прописи и општи акти Владата донесува уредби, одлуки, упатства, решенија и заклучоци.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека општествените односи и прашањата од заеднички интерес се уредуваат со закон и дека прописите на Извршниот совет односно Владата не можат да бидат во несогласност со Уставот и со Законите.

Според член 69 став 3 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници („Службен весник на СРМ" бр. 28/90) една третина од средствата за спроведување на изборите служи за покривање на дел од трошоците кои ги направиле политичките организации и другите форми на организирање и здружување чии кандидати се избрани за претставници, како и на претставникот кој е избран како независен кандидат, а според ставот 4 основа за пресметување на средствата што се распределуваат меѓу избраните претставници претставува бројот на гласовите што го добил секој избран претставник.

Од оваа законска одредба произлегува дека прашањето на покривањето на трошоците на политичките организации за спроведувањето на изборите е уредено со Законот и дека не може да се доуредува односно поинаку да се уредува со подзаконски акт.

Со оглед на тоа што со член 1 од Одлуката се пропишува средствата од Буџетот на Републиката наменети за спроведување на изборите на политичките организации и на другите форми на организирање и здружување да им се обезбедат ако имаат истакнато изборни листи на кандидати за претставници во собранијата, а не ако нивните кандидати како и независните претставници бидат избрани и во зависност од бројот на гласовите што ги добил секој избран претставник, Судот оцени дека оспорената одредба од Одлуката не е во согласност со член 69 став 3 и 4 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 25/91
10 октомври 1991 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II—СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак, по тужбата на тужителот Орде Трајчевски од Скопје, а сега на привремена работа во Франција, против тужената Славица Албиќ исто од Скопје, а сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок, да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена на истата ќе й биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 2218/91.

---

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Сулејман Гунер од Скопје, ул. „Метохиска" бр. 61-а, против тужената Сулејман Јасминка, родена Ибраим од Скопје, а сега со непозната адреса на живеење во СР Германија.

Се повикува тужената ,да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во овој суд или во истиот рок, да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, ниту ја достави својата точна адреса на живеење, ќе и биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси до нејзиното појавување во судот, односно до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, V П. бр. 2427/91 (216)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје, се води постапка за утврдување на право на сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителката Олга Војин од Скопје, ул. „Митре Влаот" бр. 8-а,

против тужениот Александар Прока Прокиќ, а сега во Германија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас во судот, да ја достави својата адреса на живеење или, во тој рок да го извести судот дали овластува полномошник кој ќе го застапува во постапката, и да го достави неговото име и адреса.

Доколку тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас не се јави во судот ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите права во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 2306/91. (217)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд во тек е постапка за докажување на смртта на лицето Беадини вд. Камбер Нуриja од с. Здуње — Гостиварско, по предлог на предлагачот Беадини Вајдин од с. Здуње, Гостиварско.

Се повикува Беадини вд. Камбер Нурија од татко Куртиш и мајка Шева, родена на 15. VI 1901 година во с. Горна Бањица — Гостиварско, со последно место на живеење с. Здуње — Гостиварско, да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен лист на СФРЈ", „Службен весник на Република Македонија" и на огласната табла во судот.

Истовремено судот ги повикува сите лица кои знаат за нејзиниот живот да му соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 15 дена доколку повиканото лице не се јави во судот ќе се утврди дека ова лице е умрено.

Од Општинскиот суд во Гостивар, Р. бр. 88/91.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Тутунов комбинат ООЗТ Примарно производство од Куманово, поднесе до овој суд тужба за утврдување на сопственост, против тужениот Садики А. Рамзи од село Слупчане, а сега на привремена работа во Германија, со непозната адреса. Вредност на спорот 70.000 динари.

Се повикува тужениот да се јави или да одреди свој полномошник во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ". Во спротивно, судот по службена должност ќе го одреди за застапник Љубомир Ѓорѓевиќ, стручен соработник при Општинскиот суд во Куманово.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 1812/90.

---

# КОНКУРСИ

Врз основа на член 24 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ" бр. 15/90) „ЕЛЕКТРОМЕТАЛ" АД Ц.О. — СКОПЈЕ

распишува

## КОНКУРС
### ЗА ПОДОБНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧ ЗАРАДИ ОТСТАПУВАЊЕ РАБОТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНЕН ОБЈЕКТ

I

1. Предмет на Конкурсот е утврдување на подобност на изведувачки претпријатија за отстапување на изградба — реконструкција, модернизација со доградба и надградба на постоен објект за хемикалска стока и адаптација на истиот во стоков центар.

2. Место на изведување на објектот е во комплексот на дистрибутивниот центар на „ЕЛЕКТРОМЕТАЛ" Ц.О. — СКОПЈЕ — во Источна индустриска зона на град — Скопје, на ул. „Перо Наков" бб.

3. Предмет на отстапување се следните работи:
— градежни работи, (карабина на објектот — прва фаза),

4. Почеток на изведбата на објектот е веднаш по изборот на изведувачот.

5. Ориентациона корисна површина на објектот е 11000 $м^2$.

6. Рокот за изведување на работите е шест календарски месеци од денот на воведување на изведувачот на работа.

7. Рокот на поднесување на пријави за подобност е 15 дена од денот на објавувањето на Конкурсот во „Службен весник на Република Македонија".

II

1. Заинтересираните претпријатија кои сметаат дека успешно ќе ги изведат спомenатите работи треба да поднесат писмена пријава за учество на конкурсот.

2. Пријавата мора да содржи:

— полн назив на претпријатието, точна адреса и основна дејност;

— препис од регистрацијата на Стопанскиот суд;

— доказ за сегашната финансиска состојба од СОК;

— готовност на изведувачот на кредитирање (висина, рокови и услови);

— податоци за стручни кадри и механизација што ќе бидат ангажирани при изградбата на објектот;

— список на кооперанти кои ќе учествуваат во изведбата;

— образец-биланс на успехот за 1990 година;

— биланс за состојбата за 1990 година со следните податоци:

**Актива**
1. Постојани средства,
2. Обртни средства,
3. Активни временски разграничувања,
— вкупна деловна актива.
4. Други вонделовни средства,
— вкупна актива.

**Пасива**
1. Траен капитал,
2. Долгорочни обврски,
3. Краткорочни обврски,
4. Пасивни временски разграничувања,
— вкупна деловна пасива.
5. Други вонредни извори,
— вкупна пасива.

— Изјава дека благовремено ќе ги презема сите потребни мерки за набавка на материјали и дека недостигот на материјали нема да биде причина за продолжување на рокот за изведбата.

— Гарантен рок и начин за гарантирање,

— Изјава дека за гарантниот рок ќе му издаде на инвеститорот бланко акцептни налози за отстранување на недостатоците на објектот во гарантниот рок,

— Референции за изведени и проектирани објекти.

III

Пријавите што нема да ги содржат податоците барани во Конкурсот и кои навремено нема да бидат поднесени, нема да се земаат за разгледување.

IV

По разгледување на податоците од поднесените пријави, инвеститоторот ќе состави дефинитивна листа на понудувачите што ќе ги оцени за подобни и ќе ги извести сите понудувачи за изборот во рок од 10 дена по завршувањето на Конкурсот.

V

Понудите да се доставуваат на адреса: „ЕЛЕКТРОМЕТАЛ" АД Ц.О. — СКОПЈЕ, ул. „Перо Наков" — бб.

VI

Сите заинтересирани понудувачи, за поблиски информации околу условите од член 1 од оваа одлука можат да ги добијат во Службата за инвестиции при „ЕЛЕКТРОМЕТАЛ" АД — Скопје, секој ден од 07,00 до 15,00 часот на телефон 514-702.

**Во издание на НИРО СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ќе излезе од печат збирка со новиот**

# УСТАВ
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# И
# УСТАВЕН ЗАКОН
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Цена на збирката е 150,00 динари.**

**Порачки се испраќаат на адреса: НИРО Службен весник на Република Македонија, Скопје, жиро сметка 40100-603-12498.**

## СОДРЖИНА


998. Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија — — — — — 805

Устав на Република Македонија — — — 805

999. Одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија — — — — — 815

Уставен закон за спроведување на Уставот на Република Македонија — — — 815

1000. Уредба за дополнителни услови за упис во судскиот регистар на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска дејност — — — — — — — — 817

1001. Правилник за изменување на Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопанските престапи — — 817

1002. Решение за издавање и употреба на учебникот Право за IV година Економска струка — — — — — — — — — 817

1003. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 25/91 од 10 октомври 1991 година 818


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51 Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев“ — Скопје**